**ОСНОВЕН СУД**
**КОЧАНИ**
**СУ-1446/20-7**
**07.12.2020 год.**
**Кочани**

Судскиот администратор на Основен суд Кочани Марија Стојанова, врз основа на член 36 од Законот за судска служба,по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/20, за вработување на судски службеници, за работно место доставувач со звање помлад судски референт,категорија Г,ниво Г4,2/двајца) извршители, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од Комисијата за селекција за вработување заведен под СУ-1446/20-6 од 02.12.2020 година, на ден 07.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место доставувач, со звање помлад судски референт,категорија Г,ниво Г4,2 /двајца/ извршители, **се избираат кандидатите СИМЕОНЧО МИТЕВ од Кочани и КИРЧО ИЛИЕВ од Кочани.**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Кочани во дневните весници „Вечер" и „Lajme" од 29.10.2020 година, објавен е Јавен оглас бр.1/20 за вработување на судски службеник за работно место доставувач, со звање помлад судски референт,категорија Г,ниво Г4,2/двајца/ извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 Законот за судска служба и чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас,формата,содржината и начинот на поднесување на пријавата,на спроведување на административната селекција за испитите,проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници,до Судскиот администратор доставен е предлог на кандидати за вработување заведен под СУ-1446/20-6 од 02.12.2020 г. во кои се предлага вработување на кандидатите Симеончо Митев како прв на ранг листата и Кирчо Илиев како втор на ранг листата.

Во врска со горенаведеното, Судскиот администратор согласно член 36 од Законот за судска одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Марија Стојанова

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршениот избор до Советот на судска служба.
(Жалбата се доставува преку Основен суд Кочани).